Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр. 101/2019) постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот **Дајана Лазаревска,** **dajana@irl.mk**, поднесено на 07.11.2023 година до имателот на информацијата Државен архив на РСМ, **Државниот архив на РСМ** го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од Дајана Лазаревска, Скопје по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: „Сите договори и анекс договори што ги потпишало Министерството за здравство за изградба на објектот за болницата во Кичево од 1985 кога е започнат проектот до 2014 година“ Се УВАЖУВА

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Барателот на информација од јавен карактер Дајана Лазаревска, Скопје на ден 07.11.2023 година поднесе барање бр. 03-2802/1 со коеа ги бара од Државниот архив „Сите договори и анекс договори што ги потпишало Министерството за здравство за изградба на објектот за болницата во Кичево од 1985 кога е започнат проектот до 2014 година“.

Од моментот на пристигање на барањето во Централниот дел на Државниот архив, истото веднаш е проследено кон службите со цел проверка и изнаоѓање на бараната документација, при што се прегледани сите архивски фондови каде што би можело да се пронајде бараната документација, но во архивските фондови на Централниот дел на Државниот архив не се пронајде бараната документација.

Извршено е пребарување во архивските фондови: Комисија за ревизија на инвестиционите програми на СРМ 1951-1963, Министерство за транспорт и врски 1955-1994, Секретаријат за здравство на СРМ 1957-1980. Исто така, ве информираме дека до сега немаме превземено архивски материјал од Министерството за здравство.

Барањето е службено испратено и до Државен архив – Одделение Охрид под чија надлежност е Кичево, но и во Одделението Охрид не располагаат со бараната документација. Колегите од Одделението Охрид посочија на следното: „Заинтересираната странка се упатува да се обрати до изворната институција, во случајов Одделение за урбанизам при Собрание на Општина Кичево. ДАРСМ ПО Охрид нема превземено и не поседува градежно-инвестициона документација од наведената општина за периодот 1985-2014г.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Државен архив на РСМ на 13.11.2023, под бр. 03-2802/2

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер

Воислав Цветковски